Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 21 и член 191 став (10) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и член 16 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 116/19), постапувајќи по барањето за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител УП1 бр. 08-88/19 од 2 септември 2019 година на Друштвото за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 октомври 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. На Друштвото за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. Индустриска бб Кавадарци, му се издава решение за стекнување на статус на повластен производител за хидроелектроцентралата МХЕ „Лукар 1", со инсталирана моќност од 250 kW и со локација на КП бр.508/2 и 511/4, КО Горниково, м.в Ладен дол и Локвата, општина Кавадарци.

2. Податоци за носителот на решението:
    - назив и седиште: Друштво за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. Индустриска бб Кавадарци,
    - единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-242,
    - назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала „МХЕ „Лукар 1",
    - податоци за локација на електроцентралата: на КП бр.508/2 и 511/4, КО Горниково, м.в Ладен дол и Локвата, општина Кавадарци,
    - инсталирана моќност на електроцентралата: 250 kW (една генераторска единица со моќност од 250 kW),
    - планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 1.123.200 kWh,
    - датум на престанок на важење на ова решение: 21 октомври 2029 година.

3. Ова решение влегува во сила 7 дена од денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. Индустриска бб Кавадарци, согласно член 27 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа (во понатамошниот текст: Правилник), на 2 септември 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител заведено под архивски број УП1 бр. 08-85/19, Барање за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител заведено под архивски број УП1 бр. 08-88/19 и Барање за користење на повластена тарифа на електрична енергија заведено под архивски број УП1 бр. 08-89/19, за хидроелектроцентралата МХЕ „Лукар 1" со инсталирана моќност од 250 kW и со локација на КП бр.508/2 и 511/4, КО Горниково, м.в Ладен дол и Локвата, општина Кавадарци.

Согласно член 2 став (3) од Правилникот и член 5 став (3) од Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија (во понатамошниот текст: Уредба) објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 29/19, јавно претпријатие основано од Владата или од единицата на локалната самоуправа може да се стекне со статус на повластен производител кој користи повластена тарифа ако управува и користи хидроелектроцентрала која ги исполнува условите од член 5 став (1) од Уредбата и е пуштена во употреба пред влегување во сила на Уредбата.

Врз основа на член 191, став (9) од Законот за енергетика и член 13 став (1) од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика на 6 септември 2019 година побара Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија да издаде потврда дека хидроелектроцентралата МХЕ „Лукар 1", на Друштвото за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со уредбата од ставот (3) и од одлуката од ставот (4) на членот 187 од Законот за енергетика.

На 11 септември 2019 година Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија издаде Потврда бр. 03-503/1 дека хидроелектроцентралата МХЕ „Лукар 1" на Друштвото за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со Уредбата и Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластени производители на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.29/19).

Регулаторната комисија за енергетика на 20 септември 2019 година донесе Решение дека барањето за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител има недостатоци УП1 бр. 08-85/19, Решение дека барањето за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител има недостатоци УП1 бр. 08-88/19 и Решение дека барањето за користење на повластена тарифа на електрична енергија има недостатоци УП1 бр. 08-89/19.

Друштвото за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци постапи согласно Решението УП1 бр. 08-85/19 од 20 септември 2019 година, Решението УП1 бр. 08-88/19 од 20 септември 2019 година и Решението УП1 бр. 08-89/19 од 20 септември 2019 година, и на 24 септември 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика достави дополнителна документација.

По извршениот увид во дополнително доставена документација, Регулаторната комисија за енергетика на 2 октомври 2019 година донесе Решение за исправка на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија УП1 бр. 07-114/12 од 2 октомври 2019 година, а Исправката ја објави во „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 202/19.

Од доставената документација од страна Друштвото за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци се утврди дека Барањето за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител заведено под архивски број УП1 бр. 08-85/19, Барањето за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител заведено под архивски број УП1 бр. 08-88/19 и Барањето за користење на повластена тарифа на електрична енергија заведено под архивски број УП1 бр. 08-89/19, се комплетни и немаат недостатоци, дека хидроелектроцентрала за МХЕ „Лукар 1", со инсталирана моќност од 250 kW и со локација на КП бр.508/2 и 511/4, КО Горниково, м.в Ладен дол и Локвата, општина Кавадарци ги исполнува условите од член 5 од Уредбата и издадената Потврда од Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија е позитивна.

Регулаторната комисија за енергетика на 14 октомври 2019 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 21 и член 191, став (4) од Законот за енергетика и член 7, став (1) од Правилникот донесе решение за стекнување на привремен статус на повластен производител, а врз основа член 24, став (1) точка 1) алинеја 18 и 21 и член 191 став

(10) од Законот за енергетика и член 16 став (1) од Правилникот донесе решение за стекнување на статус на повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија на Друштвото за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци за хидроелектроцентралата МХЕ „Лукар 1“, со инсталирана моќност од 250 kW и со локација на КП бр.508/2 и 511/4, КО Горниково, м.в Ладен дол и Локвата, општина Кавадарци.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-88/19**
**14 октомври 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**

изготвил и одобрил: Анастасија Стефановска Ангеловски